Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и 89/22), општина Богданци, на ден 11.05.2022 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ, Измена и дополона на претходно одобрен проект за инфраструктура за изградба на ветерни електрани, пристапен пат,далековод и трафостаница, општина Богданци, која се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Богданци, www.bogdanci.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Измена и дополона на претходно одобрен проект за инфраструктура за изградба на ветерни електрани,пристапен пат, далековод и трафостаница ,општина Богданци, нема да има негативно влијание врз животната средина од причини што целта на планот е :

Насочување на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функции преку анализа на постојната состојба и создавање на површини со конкретни просторни, сообраќајни и инфраструктурни решенија. Воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба. Овозможување на услови за градба на објект, кои пак ќе овозможат позитивни ефекти со својата функција врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, а со тоа и создавање на услови за урбанизација, развој и напредок на населените

места. Ставање во функција на одржливиот развој преку производство на изградба на Ветерни електрани, пристапен пат, далековод и трафостаница, а преку воведување на алтернативни извори производство на обновливи извори на електрична енергија,производство на енергија од обновливи извори што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.11-586/7
Датум:11.05.2022г.
Место: општина Богданци

Име и презиме
**Градоначалник**

**Блаже Шапов**